ЛИКОВНА АКАДЕМИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОДЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП



# ГОДИШЕН ЛИКОВЕН ПРЕГЛЕД
## 2023

ГОДИШЕН ЛИКОВЕН ПРЕГЛЕД 2023

Ликовна академија-Штип

Издавач: Универзитет Гоце Делчев , Штип

Главен уредник: Дејан Мираковски

Уредник: Петар Намичев

Уредувачки одбор:
П.Намичев. Ј.Ефремов, С. Милошески, Ј.Јакомовска, Ванѓа Димитријева-Кузмановска

Техничко уредување :
Слободан Милошески

# СОДРЖИНА

1.Стручни трудови ....................................................................................................3

2.Изложбена активност.........................................................................................11

3.Активности на Ликовната академија...........................................................................25

# СТРУЧНИ ТРУДОВИ

# ПЕРСПЕКТИВА ВО ЦРТЕЖ И СЛИКА – УЧЕБНИК




Во јануари 2023 година Јана Јакимовска го издаде учебникот Перспектива во цртеж и слика наменет за студентите од Ликовна академија и од Факултет за природни и технички науки, кои ги слушаат предметите Перспектива 1 и 2. Во него се обработуваат теми од линеарната, тонската и колористичката перспектива, а се прави и пресек на дела од домашната и светската сцена кои во се обработува проблематиката на просторот.

Во предговорот на овој учебник, Јакимовска ќе рече:

Иако учебников е наменет за студентите на Универзитетот Гоце Делчев, може да им послужи и на сите ученици и студенти од областа на ликовните уметности, како и на вљубениците во уметноста, цртањето и сликањето коишто имаат потреба од разјаснување на тродимензионалниот простор и негово преведување во две димензии.

Перспективата е и наука и реалност и илузија; еднакво е субјективна и објективна, еднакво може да биде точна и погрешна во исто време. Се надевам дека ќе ги заинтересирам читателите за возбудливиот свет на перспективата и дека ќе им отворам нова перспектива за гледањето на светот.

# АРТ СИМПОЗИУМ ЈАХОРИНА-2023



Меѓународната ликовна манифестација „Арт Симпозиум Јахорина“ се одржа од 15 до 24 јули 2023 година, во Пале, Босна и Херцеговина. Таа има за цел да ја афирмира ликовната уметност и уметноста воопшто и да ја збогати културната туристичка понуда, како на подрачјето на општина Пале, така и во областа на Република Српска.

Целната група на ликовниот симпозиум Јахорина ја сочинуваат уметници од различни возрасти, студенти на ликовни академии, академски сликари, магистри, доктори, академици и уметничка публика. Учесниците се припадници на двата пола, различни етнички групи и култури од различни земји во светот и различна уметничка поетика. Придобивката за учесниците е повеќеслојна. На сите учесници им се нуди можност за размена на искуства, запознавање на различни култури, информирање за слични настани во светот, можност за учество на нив, како и запознавање со културата и туристичката понуда на општина Пале.

Деветнаесеттото издание на оваа меѓународната ликовна колонија обедини скулптори и сликари од Грција, Индија, Северна Македонија, Србија, Република Српска и Федерацијата на Босна и Херцеговина.

Покрај другите, учесник на оваа манифестација беше проф. д-р Слободан Милошески. За времетраењето на симпозиумот тој изработи три скулпторски дела од дрво: „Гордост“ (210x43x43cm.), „Слобода“ (35x10x30cm.) и „Заедно“ (15x15x30cm).



Слобода“ (35x10x30cm.)

# IX СИМПОЗИУМ „СКУЛПТУРА ВО ДРВО“ – ПАМПОРОВО

Од 21 јули до 1 август 2023 година, во Пампорово-Бугарија, се одржа деветтото издание на симпозиумот „Скулптура во дрво“. Наставниците и учениците од специјалитетот „Кезба“ во НХА, заедно со нивните колеги од Турција, Србија и Северна Македонија, 12 дена создаваа скулпторски дела на територијата на одморалиштето.




Учесници на овј симпозиум беа: проф. Петар Бонев - раководител на резбарство, проф. Валентин Лилов, асистент д-р Љубомир Григоров, докторант Пламен Атанасов, Симеон Лазаров, Никола Миленов, Бојчо Владимиров, Деница Христова, Владимир Петков, Лора Данкова, Миглена Александрова, Петар Кирчев од Бугарија, како и гостите - проф. Ханифе Дениз од Турција, проф. Драган Рајчиќ од Србија и проф. Слободан Милошески од С. Македонија.

Симпозиумот „Скулптура во дрво“ е заеднички проект на Одделот „Резбарство“ при НХА и АД Пампорово. Раководител на проектот е проф. Петар Бонев. Почетокот на проектот беше поставен во 2013 година, кога учениците и наставниците беа поканети во Пампорово да создадат дела за паркот на скулптури во комплексот одморалиште, по повод 80-годишнината од неговото создавање.

Проф. Слободан Милошески за време на траењето на овој симпозиум ја изработи скултурата под наслов „Мечта“ со димензии: 320x70x60cm.



„Мечта“ (320x70x60cm.)

# UT PICTURA LATINUM – ИЛУСТРАЦИИ НА РЕЧНИК




Во 2023 година излезе вториот дел од *Ut pictura Latinum*, латински речник во слики со старогрчки, македонски, албански, турски и ромски паралели и примери. Овој онлајн интерактивен речник е во издание на Чудна шума, приреден е од Елена Цукеска, а е илустриран со 60 авторски илустрации на проф. Јана Јакимовска. Бројот на поимите, како и илустрациите, е предвидено да се зголемува во наредната година.

*Ut pictura Latinum*, „Латински како слика“ според *Ut pictura poiesis*, „Поезијата е како слика“ е речник во слики, наменет за сите што сакаат да учат за да ги научат своите први зборови на латински или за да научат нешто ново за зборовите што веќе ги знаат. Но, и нешто друго и многу повеќе. Овој речник е наменет за сите што сакаат да учат за да ги научат заедно со зборовите на латински јазик и своите први зборови на старогрчки, македонски, албански, турски и ромски или за да научат нешто ново и за овие зборови.

Зборовите се објаснети на три начини, со слика, со паралели на други јазици и со контекст на латински придружен со превод.

Илустрациите се наменети пред сѐ за помалите и помладите читатели, но се привлечни и за возрасните. Притоа, една слика може да се однесува и на повеќе зборови што се поврзани според своето значење и имаат заедничко потекло. Ваквото групирање на зборовите помага за нивно полесно разбирање и совладување. Секој латински збор е придружен со паралели на македонски, старогрчки, албански, турски и ромски.



# ТРАДИЦИЈАТА И КУЛТУРАТА ОБЕДИНУВААТ

Меѓународниот фестивал на Власите Организиран од Информативниот центар на Романија во Република С. Македонија се одржа во периот од 10.11 до 13.11.2023, Скопје.

Фестивал во кои се интегрирани повеќе содржини меѓу кои доминантни се културата и традицијата, во кои се дадени можности за истражување на традиционалниот текстил кои се изработувал во државите на Балканот, а кои како уметнички симболи чуваат инкорпорирани податоци за текстилното творење во Северна Македонија, Србија, Грција и Романија, а кои меѓусебно се поврзани преку материјалната и духовната култура на овие простори.

Преку овој меѓународен фестивал се откриваат етнолошкото, духовното и фолклорното богатство преку разновидноста и другите карактеристики присутни во целата содржина на фестивалот, а посебно народните носии кои го бележат овој регион. Па така секоја држава учесничка ги има своите специфики во народната носија, обичаите и фолклорот.Во претходниот период, со прибирање на етнолошки материјал, фрагменти од носии и народни носии во целост, се истражени голем број на носии и се поставени во изложбата која е дел од овој фестивал. Со тоа овој фонд за изложба на традиционални влашки носии прилично се збогати и даде особен придонес кон целиот фестивал.



Во рамките на овој фестивал се претставија проф. Ванѓа Димитријева-Кузманоска со изработки на традиционални детски костими-реплики на влашката носија и проф. Јордан Ефремов со уметнички слики.



# Kertakova, Marija and Efremov, Jordan and Kocaleva, Mirjana (2023) New ways of fashion presentation in the digital age period. Tekstilna industrija, 71 (1). pp. 44-50. ISSN 0040-2389

Abstract

The tendency of dressing in the new so-called “digital age“ in the new not only fashionable but also global period is this – the individual needs to feel modern and unique, in that order it is necessary for him to be apart of the new world filled with avant-garde, co-formism, eclecticism, mega-popular goals, semiotic universals, to be outside the limits of the normal, generally accepted and conventional. Of course the same goals are in sync with the global world, its policies, social arrangements, rules and principles, not only in fashion but also in life in general.

The fact that events in life and global changes (regardless of their nature) affect the changes that take place in fashion and the fashion world is undeniable. Today, we encounter modern materials, a product of new technology and science in general, which enable a greater level of sustainability and usability. Their representation in the collections is not accidental, the fact that the fashion shows are becoming ultra-modern, which are presented in an absolutely unconventional way by ultra-modern supermodels, requires the appropriate production of the same models from suitable materials that will correspond to the technology of the new century. The idea is to present a fashion collection in the most modern way possible - virtually, with the latest technology, through a modern mix of social platforms, supported by the most avant-garde models, in the most exotic places, in the most unusual way possible, complemented by modern technology, complemented by brilliant stage effects.

Keywords: Fashion, modern society, visual, personal identification, digital age.

https://eprints.ugd.edu.mk/31682/

# Efremov, Jordan and Kertakova, Marija and Dimitrijeva, Vanga (2023) The aesthetic factor as a formative element in industrial design, from the aspect of industrial aesthetic in the fashion industry. Tekstilna industrija, 71 (4). pp. 50-56. ISSN 0040-2389

**Abstract**

Formative elements of industrial design, i.e. design factors, represent components of its content, where together with the form of the design, they form an indivisible whole. Besides the aesthetic component, the other formative elements are not visually precisely defined, therefore an analysis is needed to determine their value. In the modern science and theory of industrial design, new knowledge and changes are constantly incorporated into the essence, in the value and in the meaning of certain formative elements of industrial design, where the interdisciplinary approach in creative activity is emphasized.

With the development of mass production and consumption, the satisfaction of aesthetic factors in industrial design has an increasing importance. Also, with the development of the social standard and the general culture, the need for the design to be more and more attractive automatically opened up.

The aesthetic characteristics that are most acceptable to people are: Compliance of the form, harmony, proportions of the dimensions, the unity of the product, the choice of color etc. Styling – Styling indicates the way in which something is made, designed or executed. Styling is a method and direction in design, in which designers impose inappropriate shapes on certain products, thus, in an unnatural or artificial way, they try to only seemingly change the shape of the objects, in order to get the impression that it is a new product. Fashion is a collective social phenomenon, but when it comes to industrial design, it is short-lived. It has a growing importance for certain categories in industrial design and is used as a tool for successful design. The influence and significance of fashion in industrial design cannot be neglected and has a decisive influence on the placement, and therefore on the existence of producers.

Keywords: Industrial design, Fashion, Clothing, Styling, Industrial Aesthetic, Factors of industrial design.

https://eprints.ugd.edu.mk/33035/

# ИЗЛОЖБЕНА АКТИВНОСТ

# ИЗЛОЖБА НА ВЛАДИМИР ГЕОРГИЕВКИ



Изложба на професорот Владимир Георгиевски се отвори на 25 април 2023 год, во галеријата на Безистенот во Штип, каде беа претставени ликовни дела како дел од големиот опус на творештвото од различни периоди на авторот.



Изложбата е организирана како соработка помеѓу ЛУ Музејот на град Скопје, НУ Завод и музеј од Штип и Ликовната академија од Универзитетот Гоце Делчев од Штип. Во периодот на престојот на изложбата, беа организирани креативни ликовни работилници инспирирани од презентираните дела на изложбата, со студентите од Ликовната академија. Преку нив  студентите имаа можност посеопфатно да се запознаат со различните креативни техники и авторски пристап на авторот,  што претставува придонес кон едукативниот процес на образование на Ликовната академија.

# ГОДИШНА ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА НА СТУДЕНТИ НА ЛИКОВНАТА АКАДЕМИЈА



Во Уметничката галерија Безистен на 16 мај 2023 се отвори Годишната студентска изложба 2023 година, каде се изложени најдобрите студентски трудови кои се реализирани во тековната универзитетска година. Уметничките дела се презентирани како дел од уметничките области на факултетите на Универзитетот Гоце Делчев, Штип, односно од студентите на Ликовната академија, од насоката на Класично сликарство и Скулптура, од Факултетот за природни и технички науки, од Институтот за архитектура идизајн, Дизајн на ентериер и мебел, од Техничко -технолошкиот факилтет,Катедра за технологија натекстил.

Притоа се одбрани најуспешните студентски проекти, уметнички дела, модели и дизајни, кои се прилагодени на лимитираниот изложбен простор. Годишната студентска изложба претставува традиционална манифестација која се одржува секоја година, која е посетена од голем број на студенти и заинтересирани потенцијални студенти, кои преку изложените трудови можат да се запознаат поблиску со програмите кои ги содржат факултетите, кои се ориентирани кон уметничата и дизајнерска креативна програма, на Универзитетот Гоце Делчев, Штип.

# ИЗЛОЖБА НА ДИПЛОМСКИ РАБОТИ



Изложба на дела од дипломски трудови беше отворена во Тренинг центарот на Универзитетот Гоце Делчев на 28 март 2023. Преку делата изработени како дипломски трудови во различни сликарски техники се презентираше постигнатото едукативно академско образовние на студентите од неколку последни генерации, со што се одбележа постоењето и развојот, односно како дел од одбележување на Петрониот празник на Универзитетот Гоце Делчев.

Важно е да се спомене дека дел од овие трудови се изработени во време на пандемијата, кога немаше физичко присуство. Во оваа прилика сликарските дела првпат беа изложени и се сретнаа со судот на јавноста.



# ИЗЛОЖБА СО ИЗРАБОТКИ НА ТРАДИЦИОНАЛНИ ВЛАШКИ НОСИИ



Проф. Ванѓа Димитријева – Кузманоска се претстави со изложба со изработки на традиционални влашки носии, во музеј Кампулунг, Романија во перидот од 17 до 23 април, 2023год.

Изработки на 20 традиционални влашки носии по оригинален крој на традиционалните влашки носии кои се симболи на влашката култура во Северна Македонија, Грција, Албанија, Романија и Бугарија и кои се применети како костимографија на меѓународниот проект и фестивал ,,Планинска Цивилизација, Традиција, Костими и Фолклор на Карпатите и Пинд Планините” .



# ПРОФЕСОРИ И СТУДЕНТИ



Во галерискиот простор на Младинскиот културен центар, во петок (9 јуни 2023 г.) беше отворена изложбата „Професори и студенти“ во организација на Град Скопје и МКЦ.



Ивана Ивановска
„Мртва природа со череп“

Изложбата вклучува широка селекција на дела изработени од младите студенти и нивните професори од факултетите и школите за уметност и дизајн во земјава, меѓу кои: Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Меѓународниот балкански универзитет (МБУ), Факултетот за дизајн и мултимедија (ФОН), Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“, Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет, Факултетот за уметности при Државниот универзитет во Тетово и „Скала“ – Школа за дизајн и уметност.



Проф.Јана Јакимовска
„Страшилото што чува ништо“

Настанот има цел да стави акцент на широкиот спектар од наставни програми со кои располагаат приватните и државните универзитети во Македонија, да ја потенцира разликата меѓу нив, како и да ги актуализира наставните потенцијали и квалитетот на нивните ученици со дела од областа која ја студирале. Изложбата, всушност, е еден селектиран избор на веќе етаблирани, но и автори чијшто потенцијал допрва ќе се развива, уметници од различни генерации, сликари, графичари, фотографи, скулптори, илустратори, но и претставници од модниот дизајн и индустрија, кои посветено работат на полето на визуелните уметности

години наназад. Преку иницијативата за оваа изложба се создава можност за унапредување и мотивација на младите генерации за успешно чекорење напред во водите на уметноста и креативните индустрии.



Спирче Јанкоски
„Лет“

Како што наведува Ангела Витановска, историчар на уметност, во предговорот кон изложбата: „Различните стилски определби и различните дискурси нема да претставуваат пречка, туку напротив, ваквата разноликост е и она што се очекува, главната цел и идеја на еден ваков проект – да се отвори „прозорец“ кон една постојана заемна практика за меѓусебна соработка и размена на идеи меѓу идните генерации млади творци, која ќе резултира со тоа секој понатаму да продолжи да чекори кон автономен развој, градејќи го својот автентичен стилски пристап. Одовде, индивидуалитетот на секој од авторите и влијанието на менторот кој стои зад нив, ќе доведат до тоа изложбата да понуди една вистинска стилска и тематска разнообразност во ликовниот израз, кој во иднина може да биде само уште еден предизвик во поривот за развој на сопствениот, индивидуален специфичен опус, а токму ваквата разнообразност ќе придонесе на изложбата да бидат застапени речиси сите техники и изразни медиуми, без какво било ограничување.“

Ликовната академија, на оваа изложба, со свои дела ја претставија професорите м-р Јана Јакимовска и д-р Слободан Милошески, како и студентите Ивана Ивановска и Спирче Јанкоски.

Изложбата беше поставена до 21 јуни.



Проф. Слободан Милошески
„Будење“

# ИЗЛОЖБА СО ИЗРАБОТКИ НА СТАРОГРАТСКИ НОСИИ

Изложба со изработки на старградски носии реплики на европскиот костим, на проф. Ванѓа Димитријева - Кузманоска беше одржана во домот на култура, Кампулунг, Романија, во мај 2023 година.



Изработки на 8 старградски костими од идентични материјали сатен и тул со идентичен крој на оригиналниот кој е истражуван во западниот дел на државата, односно во Крушево и по преглед на оригиналните носии, се изработени нови кои можат да се користат во разни културни манифестации кои ја опфаќаат оваа тематика. Костимите се симболи на разните социјални слоеви кои твореле на нашите простори и примената на европската култура во нашата држава, како сведок на разновидните културни влијанија на нашиот народ.

Изложбата е реализирана во домот на култура ,, Солена Вода” во Кампулунг, Романија во рамките на меѓународен проект ,, Планинска Цивилизација, Традиција, Костими и Фолклор на Карпатите и Пинд Планините” кој има традиција од над 15 години.

# БИОКИНЕТИЧКА МЕТАМОРФОЗА

Професорот Јордан Ефремов оствари самостојно ликовно претставување со осум дела, масло на платно, од циклусот Биокинетичка метаморфоза.



Изложбата се одржа во Домот на култура во Кампулунг, Романија, од 17 до 30 мај 2023 година

Ефремов вередостојно отсликувајќи ја својата душа во овие ликовни дела, ја допрел секоја. Како вистински мајстор на својот занает, фотографски ја прикажува анатомијата на човечкото тело, но исто толку успешно ја доловува и состојбата на умот, во дадениот миг.



# СРЕДБА ОД ДЕСЕТТИ ВИД

На 11 јули 2023 година во галерија „Академија“ на Националната академија за ликовни уметности во Софија беше отворена групната ликовна изложба „Средба од десетти вид“. Изложбата беше резултат од соработка меѓу Културно-информативниот центар на Република Северна Македонија и Националната академија за ликовни уметности, дел е од проектот „Поврзување“, кој во 2023 година ја одбележува својата 10-годишнина. Со настанот започна и одбележувањето на 30-годишнината од воспоставувањето на дипломатски односи меѓу Северна Македонија и Бугарија.



Кураторскиот проект кој го водеше нас. доц. д-р Иво Пецов вклучи и второ претставување на изложбата во Уметничката галерија на град Сандански, на 8 ноември 2023 г.



Дел од изложените графики на нас. доц. д-р Иво Пецов

Изложбата беше составена од авторските дела на: Иво Пецов, Гордана Вренцоска, Дејан Иванов – Маргуш, Јана Манева-Чупоска, Беди Ибрахим, Маријана Иванова, Перица Георгиев – Пепси, Павел Целкоски, Марјан Ѕингаров, Ненад Микиќ, Зоран Мише, Момчил Мирчев, Свилен Стефанов, Росен Тошев, Рикардо Кварежма Виејра, Валтер Праташ и Золтан Ференц.

Беа изложени вкупно 57 различни ликовни дела.

# ТРЕПЕТ

На 19 август 2023 од 19:30 часот во Галерија „SpiritLab Space“, Окенхајм, Германија беше отворена изложбата „Трепет“ од проф. д-р Слободан Милошески. Постафката беше составена од 15 скулпторски дела од галериски формат, а германската публиката имаше прилика да ја посети изложбата до 29 август.



„Металните скулптури, добиени со сечење и со заварување, се изработени од инокс материјал кој, и покрај тоа што може да се смета за тешко обработлив, во реалноста се многу флуидни, пластични и пријатни за окото на гледачот. Скулптурите може да се преведат во различни метални симболи, обезбедувајќи им на гледачите приказ на изработка, со комбинирање на слоеви од метал, едноставност и безбедност на полиранaта текстура, во склад со уметничкиот ум. Поради тоа, делата на Слободан Милошески се со различна конотација во однос на претходните кои се од доменот на „академскиот пејзаж од механичко-кибернетичко потекло“, со еден поинаков вид на разбирање на односот помеѓу егзактните науки и точноста на уметничката френзија.“ – вели историчарот на уметност проф. д-р. Џемил Бектовиќ во својата критика по повод оваа изложба.



„Танц со ветрот“ (34x19,5x12,5cm.)

# СТРУКТУРНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Во Музејот и галерија во Кавадарци на 10.09.2023 година беше отворена изложба на скулптури од професорот Слободан Милошевски. Под наслов „Структурна трансформација“ тој изложи дела во рамките на манифестацијата „Тиквешки гроздобер“.



Директорот на Музејот, Јаким Зимоски потсети дека оваа културна институција, организираше четири настани во четирите дена од традиционалната манифестација.



По пвод отворањето на изложбата Елизабета Ристова, кустос во Музејот, ги запозна присутните со биографијата и ликовното творештво на Милошески. „Обликувањето на скулптурите кои се претставени на оваа изложба, се чини како да се е направено на едноставен начин и со леснотија, додека од друга страна, е видлив капацитетот на авторот да ги примени своите специфични вештини во создавањето на хармонично комбинирани површини, направени од метални елементи и конструкции. Тие во својата завршница продуцираат уметнички дела кои и даваат значење на идејата за пречекорување на границите на искуството, за когнитивното во полето на металната уметност, а на тој начин го отвораат и патот на самиот чин на автосознание.“ сподели Ристова. Исто така за делата на Милошески, на отворањето на изложбата говореше и реномираниот ликовен уметник Владимир Темков.



„Пресоздавање“ (58,5x41x39cm.)

# ТЕЛО

На 23 септември 2023 во 19 часот во Центарот за култура „Кочо Рацин“ во Кичево се отвори изложбата „Тело“ на проф. м-р Јана Јакимовска.

Изложбата со мултимедијален карактер опфаќаше дела од повеќе рецентни периоди од нејзиното творештво. Ова беше 23та самостојна изложба на Јакимовска.



За изложбата тело, кураторката Ана Франговска ќе рече:

Една од главните карактеристики на феминистичкиот пристап на Јакимовска е вклучување на сите сетила во чинот на гледање и последователно уривање на границата помеѓу субјектот и објектот.Концептуалниот пристап е нејзин избор за визуелна семантика со која пристапува аналитички, критички, себерефлектирачки, хумористички, но и симплистички во разбуричкување на некои зачаурени стигми со кои се соочува жената воопшто, а балканската особено, без оглед на нивото на самооссвестеност, и нејзина, и на непосредната околина. Целта е „да се создаде нова синтакса што зборува женски“ за сите минати и актуелни парадигми и предрасуди.



# СЕКВЕНЦИ ОД РЕФЛЕКСИЈАТА



Проектот „Секвенци од рефлексијата“ во суштина претставува самостојна изложба на проф. д-р Слободан Милошески која беше отворена на 10 ноември 2023 година во Младинскиот културен центар во Скопје. Поставката беше составена од 14 скулпторски дела од галериски формат, а публиката имаше прилика да ја посети изложбата до 19 ноември. Изложбата ја отвори проф. д-р Џемил Бектовиќ.



Преку медиумот на инокс во оваа изложба  авторот се обидува да пренесе сложени и длабоки концепти, што резултира со уметнички дела кои предизвикуваат. Во суштина се работи за необична изложбена поставка на скулптури, која ги поканува гледачите да ја истражат интеракцијата помеѓу формата, светлината и нивната перцепција. Овој концепт го ангажира гледачот на интелектуално и на емоционално ниво, поттикнувајќи интроспекција и подлабоко истражување на сопственото битие.

Поставката ја сочинуваат иновативни дела кои можеме да ги окарактеризираме со две особини: многу прецизен начин на кој е изработен материјалот (металот) и уникатен концепт на артикулирање на идеи кои се од доменот на духовното.



„Животна патека” (62x24,5x16cm.)

# АКТИВНОСТИ НА ЛИКОВНАТА АКАДЕМИЈА

# КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ВО РАМКИТЕ НА ИЗЛОЖБАТА НА ВЛАДИМИР ГЕОРГИЕВСКИ



Во просторот на Галеријата Безистен во Штип се одржа ликовна работилница (2 и 3 мај 2023) со студентите од Ликовната академија, под раководство на проф. Слободан Милошески.



Оваа работилница беше инспирирана и посветена на ликовните дела кои беа изложени во галеријата како дел од ликовното творештво на проф. Владимир Георгиевски. Притоа студентите инспирирани од мотивите, техниката и ликовниот концепт на одредени дела се обидоа да создадат скици и цртежи кои на одреден начин ја допираат конкретната тематика и мотив од одредено дело на авторот. На тој начин се потврди влијанието на богатиот ликовен фонд на В.Георгиевски,кој секогаш ќе создава дополнителна креативна енергија кај студентите како потенцијални ликовни автори.



# ГРАФИЧКО АТЕЉЕ ВО ЛИКОВНАТА АКАДЕМИЈА





На 30 мај 2023 година се отвори графичко ателје како дел од просторот на ателјеата на Ликовната академија. Графичкото ателје претставува донација од сопругата Верица Чулаковска на еминентниот уметник Ѓорѓи Чулаковски- Ѓото, која се состои од графичката преса и целокупниот инвентар на ателјето на авторот. Притоа се донирани голем број на графички дела , кои се поставени во просторот на ателјето и просториите на Ликовната академија.

Ново отворениот простор претставува можност на професорскиот кадар и на студентите директно да изработуваат графички дела, каде практично ќе ја совладуваат техниката на креативниот артистички метод при изработката на едно графичко дело.

Притоа директно се зголемува капацитетот и можностите на едукативниот процес за идните студенти, кои ќе можат да препознаат различен пристап во студирањето на Ликовната алкадемија на Универзитетот Гоце Делчев во Штип



# ЛИКОВНА РАБОТИЛНИЦА НА СТУДЕНТИТЕ ОД КЛАСИЧНО СЛИКАРСТВО



На 14 ноември 2023 г. во Безистенот во Штип се одржа работилница на студентите од студиската програма Класично сликарство од Ликовната академија.



Студентите, заедно со проф. м-р Јана Јакимовска, ја посетија изложбата „Апостолите на современата македонска ликовна уметност“, со што одблизу се запознаа со делата на најеминентните претставници на македонското сликарство од втората половина на XX век.



По разгледувањето на изложбата, студентите in situ направија скици/транскрипции на делата кои најмногу кореспондираа со нивниот личен ликовен сензибилитет, со што отвораат простор за изработка на дела директно инспирирани од богатата ризница на македонската современа уметност.



# ЛИКОВНА РАБОТИЛНИЦА ВО НУ ЗАВОД И МУЗЕЈ - ШТИП



Во просториите на НУ Завод и Музеј - Штип, во среда 23 ноември 2023 година, се одржа Ликовна работилница на студентите од Ликовната академија под раководство на вон. проф. д-р Слободан Милошески.



При оваа посета студентите имаа невообичаено визуелно доживување и можност одблизу да се запознаат со оригинални експонати од етнолошката збирка со која располага Музејот. Во рамките на Ликовната работилница, а во согласност со сопствените интереси и инспирации, студентите изработуваа цртежи и скици од делови или фрагменти од оваа многу интересна поставка. Овие нивни нови дела од мал формат би можеле во иднина да бидат подложени на доосмислување, доработка и да служат како појдовна точка за нови истражувања и ликовни циклуси, кои тематски ќе бидат поврзани со убавините на нашето културно наследство.



# ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ



Во 2023 година потишан е меморандум за соработка помеѓу Ликовната академија при УГД и НУ Музеј на Македонската борба, Скопје, за иницирање на нови форми на соработка преку проекти од областа на образованието, културата и културното наследство. Соработката се однесува на спроведување и промоција на заеднички проекти од заеднички интерес, превземање на нови иницијативи, преку изложби и студентски проекти, каде се насочуваат студентите да земат активно учество во активностите на заедничките проекти.

Исто така, во оваа тековна година Ликовната академија при Универзитетот Гоце Делчев од Штип потпиша меморандум за соработка со Националната ликовна академија од Софија. Меморандумот се однесува на размена на предавачи, со остварување на реципроцитет меѓу двете институции, одржување на размена на студенти по уметност, учество на специјализации, преку добивање на сертификат, размена на изложбени дела од студенти и професори, соработка при учество на научни конференции, билатерална соработка за воведување на нови методи на образование, размена на искуства околу семинари, симпозиуми во двете средини, размена на кадар на факултетите, преку што ќе се олесни и развие заедничкиот процес на размена помеѓу двете институции.



